Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Службен весник на Репунлика Македонија бр.53/05, 81/05 , 24/07 .159/08 ,83/09 ,48/10 ,124/10 и 51/11), Општина Дебрца, на ден 17.06.2019 година донесе:

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) со намена Е2-комунална супраструктура (производство на енергија од биомаса и биога)на КП 1556/1 и КП 1556/2 , КО Оздолени, општина Дебрца кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.199/2014, 44/15, 193/15 и 31/16 ) и подзаконските акти кои произлегуваат од него и други Закони и подзаконски акти кои ја допираат оваа област. Основа за изработка на ЛУПД со намена Е2-комунална супраструктура (производство на енергија од биомаса и биогас) на КП 1556/1 и КП 1556/2, КО Оздолени, Општина Дебрца, ќе биде стратегијата за развој и наменска употреба на земјиштето според Планската програма и според Условите за планирање на просторот, кои произлегуваат од просторниот план на РМ не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Дебрца.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата,содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведуваљње односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација со намена Е2 – комунална супраструктура , на КП 1556/1 и КП 1556/2 ,Ко Оздолени , општина Дебрца нема да има влијание врз животната средина од следниве причини :-донесувањето на планскиот документ опфаќа незначителна површина од локално значење и нема да има негативно влијание врз животната средина. Локацијата има површина од 0.2 ха и се наоѓа на градежно непродуктивно земјиште (7 класа).

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до општина Дебрца во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 13 – 1305/1
Место,
Општина Дебрца

**Градоначалник**
**Зоран Ногачески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ДЕБРЦА